Од: **Билјана Ставрова** September 9, 2013-11:57 am

# Опседнатост од победата и жртвите што таа ги носи

SHARE | PIN | TWEET | SHARE






Видео-снимки од масовни собири снимени во Македонија, инсталации на уметници инспирирани од социјалните револуции се дел од маѓународната изложба во Полска.

Изложбата на современа уметност која за публиката во Познан, Полска ќе биде отворена до 10 октомври се занимава со опседнатоста од победата и сите жртви што таа опседнатост ги носи и затоа куратотот Агата Рогос прави споредба со спортот и го зема како појдовна точка во оваа изложба. Нагласувајќи ги различните националистички нарации коишто како тенденција

станувaат се поприсутни во повеќе општества, особено на Балканот.

„Конкретно во моето дело се фокусирав на истражувањето што го правев за работничката револуција во Познан во 1956 година, тогаш се случува една од позначајните социјални револуции во Познан, кога работниците од Цигелски фабриката, кога цела толпа влегоа во замокот да го освојат борејќи се за своите права“, објаснува за НОВА, уметникот Филип Јовановски.

Дел од музејот каде се одржува изложбата на дела од современа уметност, се користи како музеј на таа револуција.

„Сакав да напрвам поврзаност со нашиот македонски контекст и контекстот каде што се изложува – Познан. И историски но и емотивно да направам поврзување на сличните колективни, но и лични трагедии до кои може да се дојде доколку некој сака толку многу да победува, да создава/дизајнира националистички нарации“, вели Јовановски.

„Јас го изложувам делотот „Мртва природа, од колекцијата работничката класа оди во рајот“, големи формати работниците со паролата MENS IDEAS ARE THE MOST DIRECT EMANATIONS OF THEIR MATERIAL STATE, и видео „Слободата го води народот“, чиешто значење не само визуелно туку и констекстуално претставува добар контраст на просторот во стариот рустучен замок во Познан“, смета уметникот.

На изложба за современа уметност насловена како „Опседнати со победата“ меѓу светските имиња се претставуваат и македонските уметници Јане Чаловски, Никола Узуновски и уметничката група Опсесивно Посесивна Агресија (ОПА).

Делото на уметничката група ОПА (Опсесивно Посесивна Агресија) е видео-инсталацијата “Eternal Body”, кое вклучува снимки од масовни собири снимени во Македонија и „реферира на стратегиите на создавање на дисциплинирано општество, т.е. креирање на “потчинети тела”, објаснуваат за НОВА, Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа.

Замокот, сега културен центар бил подготвувале како канцеларија за Хитлер, доколку мора да се отсели и побегне Берлин, така што тој за време на Втората Светска војна, бил целосно опремен од страна нацистите – елементи видливи и во дизајнот и денеска.




КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА ЗА ИЗБОРНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ ВО МАКЕДОНИЈА И ИСКУСТВАТА ВО РЕГИОНОТ

НЕЗАВИСЕН весник

